**20241843217**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 45 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), а во врска со член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23 и 169/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 септември 2024 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА СВЕЖО ОВОШЈЕ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/24), во дел I став (2) во воведната реченица износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „36.000.000,00“.

Во табелата во мерката 1 износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „36.000.000,00“.

Во „Вкупно“ износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „36.000.000,00“.

II

Во делот II во воведната реченица износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „36.000.000,00“.

Во табелата во подмерката 1.1. во колоната „Корисници на подмерката и висина на финансиска поддршка“ во точката 2 износот „40.000.000,00“ се заменува со износот „36.000.000,00“

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8170/3
3 септември 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.